# Наставен лист по македонски јазик

# Обработка на песната „Разбудување“

**Слушај внимателно како треба изразно да ја читаш песната, а потоа обиди се и ти изразно да читаш!**

РАЗБУДУВАЊЕ

Утро е. Сонцето прснало зраци,
а Марко спие со насмевка лека:




Можеби сонува весели игри,
шарена топка, ливада мека;
можеби трча низ столетна шума,
или на коњ белогрив јава,
можеби собира капини зрели,
или од штици куќарка прави.
Кон бескраен простор в тишина чудна
ко космонаут, можеби, лета,
или со знаме развеано в рака
на јуриш води јуначка чета.
Можеби фатил зајаче сиво,
или се капе во бистра река.

Утро е...Мајка му тивко го буди:
-Станувај, Марко, школо те чека!

**Бистрица Миркуловска**

⇒ **Одговори на следните прашања:**

1. **Што прави Марко во сончевото утро?**

2. **Кој сон на Марко најмногу ти се допадна? Зошто?**

3. **Зошто мајка му го разбуди Марко?**

**Поврзи ги стиховите со сликата што одговара !**



Утро е. Сонцето прснало зраци,
а Марко спие со насмевка лека:



Можеби сонува весели игри,
шарена топка, ливада мека;



можеби трча низ столетна шума,



или на коњ белогрив јава,

можеби собира капини зрели,



или од штици куќарка прави.

Кон бескраен простор в тишина чудна
ко космонаут, можеби, лета,



или со знаме развеано в рака
на јуриш води јуначка чета.



Можеби фатил зајаче сиво,



или се капе во бистра река.



Утро е...Мајка му тивко го буди:
-Станувај, Марко, школо те чека!



